РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
бр. 32-87/2
26.01 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп поднесено на 22.01.2026 година, имателот на информацијата Општина Кривогаштани го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, поднесено до Општина Кривогаштани, заведено под број 32-87/1 од 22.01.2026 **СЕ УВАЖУВА.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Општина Кривогаштани, беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, заведено во архивата на Општина Кривогаштани под архивски број 32-87/1 од 22.01.2026 година со кое Барателот бара преку електронски запис/е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1. Колкав износ на финансиски средства има издвоено Општината за функционирање на услуги за превенција и заштита на жени жртви на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво, во периодот од 2022-2025 година, поединечно по години?

**Одговор на прашањето под точка 1.**

1. Општина Кривогаштани нема издвоено финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жени жртви на родово-базирано и семејно насилство.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**По овластување на Градоначалникот**
**на Општина Кривогаштани**
**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**
**Христина Стомнароска**

Република Северна Македонија Општина Кривогаштани Кривогаштани